ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 267/17-7
12.12.2017 година
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за производство, инженеринг, консалтинг и услуги
ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-470
18.12.2017 год.
СКОПЈЕ

ОСНОВЕН СУД
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Склучен на ден 12.12.2017 година во Крива Паланка, помеѓу:

ДОГОВОРНИОТ ОРГАН: Основен суд Крива Паланка, ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр. 142, со ЕМБС 4027434, претставуван од Претседателот на судот Анкица Димитровска (во натамошен текст-Договорен орган), и

ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР - ПОНУДУВАЧОТ: Друштво за производство, инженеринг, консалтинг и услуги ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт - импорт Скопје, со седиште на ул. Павел Шатев бр. 10, Скопје, и ЕМБС 4244664, претставуван од овластено лице Мирослав Крстевски од Скопје, (во натамошниот текст - Носител на набавката).

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка информатичка опрема - еден ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир, скенер и факс) и еден ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир и скенер), согласно објавениот оглас бр. 4/2017 на ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда, СУ.бр. 267/17-4 од 07.12.2017 година.

## II. ИСПОРАКА И ПРИЕМ НА СТОКИТЕ

### Член 2

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача до седиштето на договорниот орган - судот, во рок од 5-пет дена, сметано од денот на склучување на договорот за јавна набавка, при што договорниот орган се обврзува приемот да го потврди на соодветен документ (испратница и сл.), со внесување на личните податоци на лицето овластено за прием.

### Член 3

Испорачаната стока - ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир, скенер и факс) и ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир и скенер), по своите карактеристики треба да одговараат на пропишаните технички спецификации од тендерската документација и тоа:

**Ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир, скенер и факс)**

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | **Функции** | - Печатач, копир, скенер, факс |
| 3.2 | **Поврзување** | - Минимум 1x USB 2.0<br>- Минимум 1x Ethernet<br>- Минимум 1x RJ11 fax |
| 3.3 | **Вградена меморија** | - Минимум 256MB |
| 3.4 | **Квалитет на печатење (црно)** | - Минимум 600x600 dpi |
| 3.5 | **Брзина на печатење** | - минимум 25 страни во минута |
| 3.6 | **Подржан формат на печатење** | - A4; A5; A6; B5; разгледници, пликоа (C5, DL, B5) |
| 3.7 | **Техологија на печатење** | - Ласер |
| 3.8 | **Подржани оперативни системи** | -Windows XP<br>- Windows 10 64-bit |
| 3.9 | **Резолуција на скенирање** | - Минимум 1200 dpi |
| 3.10 | **Тип на скенер** | - Flatbed, ADF |
| 3.11 | **Двострано печатење (Duplex)** | - Автоматски (стандардно) |
| 3.12 | **Гаранција** | - Минимум 12 месеци |

**Ласерски мултифункционален апарат (печатач, копир и скенер)**

| | | |
|---|---|---|
| **4.1** | **Функции** | - Печатач, копир, скенер |
| **4.2** | **Поврзување** | - Минимум 1x USB 2.0<br>- Минимум 1x Ethernet |
| **4.3** | **Вградена меморија** | - Минимум 256MB |
| **4.4** | **Квалитет на печатење (црно)** | - Минимум 600x600 dpi |
| **4.5** | **Брзина на печатење** | - Минимум 25 страни во минута |
| **4.6** | **Брзина на скенирање (црно/бело)** | - Минимум 12 страни во минута |
| **4.7** | **Подржан формат на печатење** | - A4; A5; A6; B5 |
| **4.8** | **Технологија на печатење** | - Ласер |
| **4.9** | **Подржани оперативни системи** | - Windows XP<br>- Windows Vista<br>- Windows 10 64-bit |
| **4.10** | **Резолуција на скенирање** | - Минимум 1200 dpi |
| **4.11** | **Тип на скенер** | - Flatbed, ADF |
| **4.12** | **Двострано печатење (Duplex)** | - Автоматски (стандардно) |
| **4.13** | **Гаранција** | - Минимум 12 месеци |

Договорниот орган може да го рекламира количеството и квалитетот на испорачаните стоки, во рок од 8-осум дена од приемот на истите, при што е должен да изготви записник за утврдените недостатоци, кој го потпишува овластеното лице за прием кај договорниот орган и овластено лице на носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 8-осум дена да го извести договорниот орган за основаноста на рекламацијата и за мерките што ќе бидат преземени.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Ласерскиот мултифункционален апарат (печатач, копир, скенер и факс), со карактеристики согласно наведените техчнички спецификации, договорниот орган ги купува за вкупна цена во износ од 6.800,оо (шест илјади и осумстотини) денари без вкучен ДДВ од 5 %, односно за вкупна цена во износ од 7.140,оо (седум илјади сто и четирисесет) денари, со вклучен ДДВ од 5 %, и ласерскиот мултифункционален апарат (печатач, копир и скенер), со карактеристики согласно наведените техчнички спецификации, договорниот орган ги купува за вкупна цена во износ од 6.200,оо (шест илјади и двесте) денари без вкучен ДДВ од 5 %, односно за вкупна цена во износ од 6.510,оо (шест илјади петстотини и десет) денари, со вклучен ДДВ од 5 %.

Носителот на набавката е должен стоките-ласерскиот мултифункционален апарат (печатач, копир, скенер и факс) и ласерскиот мултифункционален апарат (печатач, копир и скенер), предмет на овој договор да ги испорача согласно постигнатата најниска цена на електронската аукција, а која цена е најповолна, и истата ќе биде фиксна (непроменлива) за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 5

Како ден на испорака на стоките се смета денот кој е впишан во документот за прием на стоките.

За испорачаните стоки, договорниот орган е должен да му ја плати на носителот на набавката фактурираната цена, доколку е во согласност со цените утврдени во членот 4 од овој договор.

Начинот на плаќање е вирмански, по испорака на стоките и достава на фактурата со испратница, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на фактурата со испратница во архивата на договорниот орган, при што носителот на набавката е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на огласот.

## IV. ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 6

Доколку носителот на набавката испорачува стоки со карактеристики спротивни на бараните технички спецификации, и по писмена опомена од договорниот орган, во рок од 8 (осум) дена не го одстрани недостатокот, како и во случај кога носителот на набавката и покрај писмената опомена, доцни со испораката на стоките без оправдани причини, договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 7

Во случај договорниот орган да задоцни со плаќањето на фактурата од неоправдани причини, носителот на набавката има право на казнена камата определена со закон.

## V. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

### Член 8

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за превземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 9

Овој договор стапува на сила од моментот на неговото потпишување од страна на овластените претставници на договорните страни.

### Член 10

Во случај да настане спор помеѓу договорните страни во врска со одредбите на овој договор, истите ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено, а доколку не се постигне спогодба, за решавање на настанатите спорови, ќе биде надлежен стварно надлежниот суд во Скопје.

### Член 11

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДПИКУ ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ ДООЕЛ, Скопје
Овластено лице
Мирослав Крстевски

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Основен суд Крива Паланка
Претседател,
Анкица Димитровска